

# С+ Современа култура

Вајарското дело или скулптурата како дел од вајарскиот израз во себе содржи форма, текстура, линија и ги обединува другите ликовни елементи како еден специфичен тродимензионален израз кој кореспондира со просторот. Скулптурата како уметничко дело може да се третира само доколку во себе содржи уметнички изразни елементи и вредности. Од праисторијата до денес скулптурата е составен сегмент на секое општество.
Сфаќањата за она што е скулптура се многу различни. Скулптура е уметнички израз кој го забележуваме низ целата историја на уметност до ден денес. Современите тенденции ги поместија сфаќањата за тоа што е скулптурата како уметничко дело со сите карактеристики на вајарското изразување.
Уметничка скулптура во нашата држава се карактеризира со традиционален пристап но со модерен и современ израз, реализирани како отворени форми, затворени, перфорирани од камен, дрво, глина, метал и други материјали.

Изложбата Современа скулптура по подолг период се реобновува како изложба во рамките на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Во минатото се реализирани изложби насловени како "Современа македонска скулптура", ситна пластика а денес е "Современа скулптура – ДЛУМ". Возобновувајќи ја оваа изложба не можевме а да не се потсетиме на оние вајари кои имаат оставено огромна трага во ликовната уметност на нашето поднебје; Димо Тодоровски, Јордан Грабул, Петар Хаџи Бошков, Томе Серафимовски и Боро Митриќески, кои за жал не се повеќе меѓу нас.
Изложбата Современа скулптура е под покровителство на семејството на академик Боро Митриќески, а наградата за скулптура што ќе се додели на изложбата, го носи неговото име.

Учесници на изложбата

Александар Ефтимовски, Александар Ивановски Карадаре, Ана Димевска Семенпеева, Анѓел Димовски - Чауш, Ангел Коруновски, Андреј Митевски, Ангел Нацевски, Васил Василев, Гордана Хаџи Николова, Драган Попоски - Дада, Жарко Башески, Златко Бојковски, Илија Аџиевски, Јовица Мијалковиќ, Катерина Таневска, Љупчо Бојаров, Никола Смилков, Перо Кованџалиев, Сашо Саздовски, Симон Шемов, Слободан Милошески, Сокол Цварку, Соња Поповска Трајковска, Филип Фидановски



**Слободан Милошески**
*„Метафизичка модификација“*
техника метал
дим 76x28x36см
2018 година



**Сокол Цварку**
*„Вкрстување“*
техника полигранит
димензии 35x15x20см
2009 година

Друштво на ликовни уметници на Македонија
Собремена скулптура
Издавач: ДЛУМ
Одговорен уредник: Филип Фидановски, претседател на ДЛУМ
Фотографија: Дејан Иванов - Маргуш
Тираж: 150

Галерија МКЦ,
Младински културен центар-Скопје,
април 2019

Изложбата е реализирана со помош на:

МКЦ

Фамилија
Митриќески

Покровители и поддржувачи на ДЛУМ